"М А К П Е Т Р О Л"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0102-984/1
27-02-2024 20___год.
СКОПЈЕ 10

МАКПЕТРОЛ

# 2023

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УПРАВЕН ОДБОР

## СОДРЖИНА


| | | страна |
|---|---|---|
| I. | Главни фактори и околности коишто влијаеле врз работењето, промени во опкружувањето во чиишто рамки дејствува „Макпетрол“ АД Скопје, одговор на тие промени и нивно влијание | 3 |
| II. | Показатели за постигнатиот финансиски резултат на „Макпетрол“ АД Скопје во 2023 година | 4 |
| III. | Политика на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста на работењето на „Макпетрол“ АД Скопје | 11 |
| IV. | Политика на дивиденди | 12 |
| V. | Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и Политика на управувањето со ризикот и други индикатори на работењето | 13 |
| VI. | Комуникација со засегнати лица | 17 |
| VII. | Животна средина и општествен интерес | 23 |
| VIII. | Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 28 |
| IX. | Изгледи за идниот развој на „Макпетрол“ АД Скопје и неговиот деловен потфат и активностите во сферата на истражувањето и развојот | 29 |
| X. | Информации во врска со стекнување сопствени акции | 29 |
| XI. | Примања на членовите на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на „Макпетрол“ АД Скопје остварени во 2023 година | 29 |
| XII. | Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување | 31 |

# I. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ КОИШТО ИЗВРШИЈА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО, ПРОМЕНИ ВО ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО ЧИИШТО РАМКИ ДЕЈСТВУВА „МАКПЕТРОЛ" АД СКОПЈЕ, ОДГОВОР НА ТИЕ ПРОМЕНИ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ

Во 2023 година продолжи воениот судир помеѓу Русија и Украина, која е воено и економски помогната од НАТО и од ЕУ, а против Русија се воведоа дополнителни санкции. Исто така, во 2023 година дојде до воени судири на Блискиот Исток во појасот Газа, помеѓу Израел и Палестинското движење – Хамас, со што мирот и безбедноста во светот дополнително беа загрозени.

Кризата во светската економија продолжи и во 2023 година иако цените на енергенсите, храната, металите и другите стоки значително се намалија на светските берзи, во споредба со 2022 година. Економскиот раст е бавен, а каматните стапки и инфлацијата останаа на високо ниво.

Цената на суровата нафта се стабилизираше помеѓу 80-85 американски долари за барел, а цената на природниот гас падна на ниво од 35-40 евра за мегават час.

Во 2023 година Република Северна Македонија не доби зелено светло за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ, заради неисполнување на условот за измена на Уставот на Државата.

На економски план, 2023 година е уште една лоша година за Република Северна Македонија. Цените на многу производи, како и каматните стапки, пораснаа, инфлацијата е 9,4% на годишно ниво, а БДП е со низок раст од 1,2%.

Сивата економија, трговскиот дефицит во размената со странство и задолженоста на државата се на многу високо ниво. Криминалот и корупцијата достигнаа загрижувачко ниво и се втемелени во сите сфери на општествениот живот во Државата.

Правилникот за квалитет на течни горива и Законот за биогориво не се донесоа ниту во 2023 година.

Во 2023 година продолжи наградната игра на „Макпетрол" АД Скопје - Верна Лојалност, но продолжија и нападите и вооружените грабежи на малопродажните објекти на Друштвото.

И покрај големите предизвици со кои се соочи Друштвото во текот на годината, може да се заклучи дека со големиот ангажман на менаџментот, како и на сите вработени, се обезбедија услови за рентабилно работење на истото.

Особено е важно да се истакне дека со воведување на и со придржување кон строгите превентивни здравствени протоколи на сите локации на коишто Друштвото ги врши дејностите, во ниту еден момент не се загрози здравјето на вработените и здравјето на потрошувачите, а со тоа се овозможи непречено функционирање на Друштвото.

## II. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПОСТИГНАТИОТ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ ВО 2023 ГОДИНА

### ➢ Анализа на движењата во Билансот на успех

Во табелата подолу се прикажани издвоени финансиски информации, како и нивната промена споредбено со претходниот период:

**Информации од Билансот на успех во 000 МКД**

| | **Тековен период 31.12.2023** | **Претходен период 31.12.2022** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 30.403.491 | 37.604.432 | -7.200.941 | -19,15% |
| Оперативни приходи | 30.250.105 | 37.453.153 | -7.203.048 | -19,23% |
| Приходи од продажба | 30.032.600 | 37.149.802 | -7.117.202 | -19,16% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,28% | 99,19% | | |
| | | | | |
| Вкупни расходи | 29.571.457 | 36.195.820 | -6.624.363 | -18,30% |
| Оперативни расходи | 29.542.612 | 36.155.425 | -6.612.813 | -18,29% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 26.222.663 | 33.047.387 | -6.824.724 | -20,65% |
| *- % во оперативни расходи* | 88,76% | 91,40% | | |
| | | | | |
| Финансиски расходи | 8.361 | 21.404 | -13.043 | -60,94% |
| | | | | |
| ***Добивка од редовно работење*** | ***832.034*** | ***1.408.612*** | ***-576.578*** | ***-40,93%*** |

Опкружувањето во кое работеше Друштвото во текот на 2023 година сѐ уште беше нарушено, но и покрај сите предизвици „Макпетрол“ АД оствари позитивни резултати.

Во текот на 2023 година „Макпетрол“ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 30,4 милијарди денари, кој е помал од минатогодишниот за 7,2 милијарди денари, односно остварен е пад од 19,15%.

На квартално ниво, вкупните приходи во 2023 година како што се прикажани подолу бележат раст и ги надминуваат и претпандемските нивоа, во најголем дел поради зголемувањето на цените на нафтените деривати.




| | К1/2021 | К2/2021 | К3/2021 | К4/2021 | К1/2022 | К2/2022 | К3/2022 | К4/2022 | К1/2023 | К2/2023 | К3/2023 | К4/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. Приходи | 3.961.524 | 4.934.729 | 7.408.888 | 6.173.174 | 7.062.419 | 9.265.502 | 11.548.385 | 9.728.126 | 6.955.439 | 6.914.297 | 8.955.819 | 7.577.936 |
| Вк. Расходи | 3.921.032 | 4.751.917 | 6.280.501 | 5.998.614 | 6.847.471 | 8.895.456 | 11.091.677 | 9.361.216 | 6.828.858 | 6.702.174 | 8.550.388 | 7.490.037 |
| Добивка пред одан. | 40.492 | 182.812 | 1.128.387 | 174.560 | 214.948 | 370.046 | 456.708 | 366.910 | 126.581 | 212.123 | 405.431 | 87.899 |

Во структурата на приходите, најголем удел имаат приходите од продажба со 98,78%, од кои 96,25% се остварени преку продажба на домашен пазар, а само 2,53% се остварени преку продажба на странски пазар. Продажбата на странски пазар во текот на 2023 година бележи пад поради намалената продажба на млазно гориво.




Приходите од продажба, како на домашниот така и на странскиот пазар, во најголем дел се остваруваат преку двете најзначајни функции, малопродажба и големопродажба.

Во графиконот подолу може да се види соодветната поделба.




Падот на приходите, споредбено со минатата година, во најголем дел се должи на намалените приходи на големо за 57,8%, а истите учествуваат со 13,26% во приходите од продажба. Главни причини за намалување на приходите на големо се падот на продажбата на природен гас од 37,1%, како и падот на продажбата на млазно гориво од 51,92%.

Во текот на 2023 година, при неповолни економски услови, Друштвото како потврден лидер на малопродажниот пазар и во согласност со стратегијата оствари:

- раст на количествениот промет со нафтени деривати на мало за 6,47%
- проширување на малопродажниот асортиман кој се нуди на бензинските станици, а со тоа и зголемениот промет од истиот за 15,13 %.

Но и покрај зголемувањето на количествениот промет, приходите на мало бележат пад од 5,99% како резултат на намалувањето на цените на нафтените

деривати на светските берзи, кои како набавни цени зафаќаат најголем дел од малопродажната цена на дериватите.

Подолу е прикажана вкупната продажба на нафтените деривати и останатите горива во тони, во текот на изминатите три години, со издиференцирани износи на малопродажба и големопродажба.




На следниот дијаграм е прикажана структурата на продажба на нафтените деривати и останатите горива во текот на 2023 година.



**Вкупните расходи** остварени во 2023 година се во висина од 29,57 милијарди денари што претставува намалување во однос на минатата година за 6,62 милијарди денари или за 18,3%.

Намалувањето во најголем дел се должи на намалените расходи за набавна вредност на трговски стоки од 20,65%, поради стабилизацијата на цените на светските берзи како резултат на моменталното надминување на предизвиците од светската енергетска криза, која сеуште не се смета за завршена со оглед на неизвесноста на Блискиот Исток. Набавната вредност го следи трендот на приходите од продажба, што е неминовно со оглед дека истата во апсолутен износ е дел од приходите од продажба, односно зафаќа околу 87% од приходите.

Расходите за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Друштвото има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето[1] на најголем дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена не е регулирана, како што е примерот со природниот гас, истата зависи од глобални фактори и движења, како што се цените на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




На графиконот подолу се прикажани движењата на расходите во илјади денари, со исклучок на набавната вредност, која е презентирана претходно.




[1] Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ донесува одлуки за утврдување на највисоките малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт, а во истата се вклучени следниве нафтени деривати: Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра Лесно 1 (ЕЛ-1) и Мазут М-1 НС.

Како резултат на остварените приходи и расходи, на крајот на годината Друштвото оствари позитивен финансиски резултат искажан преку добивка пред оданочување во износ од 832 милиони денари, која е помала од остварената добивка минатата година кога изнесуваше 1,41 милијарди денари.

На графиконот подолу е прикажана добивката пред оданочување за 2023 година, како и споредбата на позициите од билансот на успех со минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движењата кои ја намалуваат добивката.




Врз база на графиконот погоре, може да забележиме дека главни причини за промените се:

- намалувањето на бруто-маржата поради намалениот количествен промет во сегментот големопродажба;
- зголемувањето на платите на вработените во текот на 2023 година, со цел надминување на економската криза и подобрување на животниот стандард и
- позитивен нето-ефект од финансиските приходи и расходи на Друштвото поради одличната ликвидност, намалувањето на трошокот за камата и зголемувањето на приносот од вложувањата.

## ➢ Анализа на движењата во Билансот на состојба

Во табелата долу се прикажани издвоени финансиски информации, како и нивната промена споредбено со претходниот период:

**Информации од Билансот на состојба во 000 МКД**

| | **Тековен период 31.12.2023** | **Претходен период 31.12.2022** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Постојани средства | 6.163.519 | 5.857.552 | 305.967 | 5,22% |
| Тековни средства | 3.046.157 | 3.251.098 | -204.941 | -6,30% |
| Залихи | 1.057.274 | 1.164.924 | -107.650 | -9,24% |
| Побарувања од купувачи | 387.578 | 412.534 | -24.956 | -6,05% |
| Останати побарувања | 488.295 | 1.091.521 | -603.226 | -55,26% |
| Пари и парични еквиваленти | 938.415 | 349.722 | 588.693 | 168,33% |
| Вкупно средства | 9.209.676 | 9.108.650 | 101.026 | 1,11% |
| | | | | |
| Главнина и резерви | 7.786.987 | 7.334.116 | 452.871 | 6,17% |
| Вкупно обврски | 1.422.689 | 1.774.534 | -351.845 | -19,83% |
| Тековни обврски | 1.418.086 | 1.771.245 | -353.159 | -19,94% |
| Обврски по кредити | 158 | 305.087 | -304.929 | -99,95% |
| Обврски спрема добавувачи | 510.570 | 519.179 | -8.609 | -1,66% |



Врз база на информациите за Активата, презентирани во табелата и во графиконот погоре, може да се заклучи дека постои:

- Зголемување на средствата на Друштвото за 1,11%, односно постојаните средства се зголемуваат за 5,22%, а тековните средства се намалуваат за 6,3%;
- Намалување на тековните средства, во најголем дел, како резултат на намалувањето на останатите побарувања, односно на платените аванси на добавувачи за набавка на трговски стоки, а кон истото придонесуваат и намалените количини на залихи кои се оптимизираат во согласност со очекувањата за претстојниот период;
- Во текот на 2023 година Друштвото дел од своите средства ги пласираше во високо ликвидни краткорочни финансиски инструменти кои ги зголемија финансиските приходи;
- Зголемување кај постојаните средства како резултат на инвестициите во обнова и во реконструкција на малопродажни и големопродажни објекти.




| | 31.12.2021 | 31.12.2022 | 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| Обврски | 1.627.709 | 1.774.534 | 1.422.689 |
| Капитал | 6.445.383 | 7.334.116 | 7.786.987 |

Во однос на Пасивата, односно изворите на средства, најзначајните движења заклучно со 31.12.2023 година се следниве:

- Структурата на пасивата во последните три години бележи позитивна промена, односно капитал учествува со 85%, а обврските само со 15% во истата;
- Зголемување на капиталот на Друштвото за 6,17% како резултат на остварениот позитивен оперативен резултат;
- Намалување на вкупните обврски за 19,83%, во најголем дел како резултат на намалувањето на обврските по кредити и намалувањето на останатите обврски, односно обврските по примени аванси.

Со оглед на главните движења презентирани погоре, може да се заклучи дека Друштвото работи рентабилно и управува оптимално со расположливите ресурси.

Вработените, кои се основната сила на „Макпетрол“ АД, со својата посветеност се заслужни за континуираниот успех и за задржувањето на лидерската позиција на Друштвото. Друштвото постојано инвестира во развојот на своите вработени, како и во обезбедувањето безбедни и здрави услови за работа. И покрај сите предизвици со кои се соочи Друштвото во текот на кризните години, во 2023 година на Друштвото му се приклучија 138 нови вработени.

Во 2023 година, врз основа на Одлуката бр.0201-26/5 од 30.5.2023 година за определување на ревизори на финансиските извештаи на Друштвото, донесена на XXVII-мото Собрание на акционери на „Макпетрол“ АД Скопје, ревизијата ја спроведе ревизорската куќа „Гранд Торнтон“ ДОО од Скопје, која не дава други услуги на „Макпетрол“ АД Скопје.

## III. ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗА ПОДДРШКА НА УСПЕШНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ

Во текот на 2023 година „Макпетрол“ го продолжи силниот инвестициски циклус и вложи преку 366 милиони денари, како во реконструкција така и во изградба на нови малопродажни и големопродажни објекти.

Позначајни реализирани вложувања во текот на 2023 година се следниве:

| | во 000 МКД |
|---|---:|
| **I ВЛОЖУВАЊА ВО ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ** | **304.788** |
| **1. ВЛОЖУВАЊА ВО МАЛОПРОДАЖБА** | **270.875** |
| **а) Вложувања во постојните бензински станици** | **121.020** |
| БС 004 Козле | 8.913 |
| БС 008 Визбегово I | 3.913 |
| БС 012 Дебар | 6.883 |
| БС 013 Куманово | 2.117 |
| БС 046 Гевгелија II | 2.053 |
| БС 055 Свети Николе | 51.402 |
| БС 096 Македонски Брод | 13.838 |
| БС 199 Велес | 10.078 |
| БС 068 Кисела Вода | 2.294 |
| БС 094 Прилеп | 3.095 |
| Останато | 16.434 |
| **б) Целосна реконструкција на бензински станици** | **141.422** |
| БС 010 Тетово | 43.037 |
| БС 083 Кавадарци | 98.385 |
| **в) Останати вложувања** | **8.433** |
| Земјиште | 4.224 |
| Останати | 4.209 |
| **2. ВЛОЖУВАЊА ВО ГОЛЕМОПРОДАЖБА** | **33.913** |
| Склад Илинден | 11.695 |
| Полнилница Миладиновци (ТНГ) | 2.783 |
| Авио-сервис Скопје | 18.580 |
| Останати | 855 |
| **II ОСТАНАТИ ВЛОЖУВАЊА** | **61.350** |
| Хотел Струга | 4.978 |
| Хонда Центар | 971 |
| Деловна зграда - седиште на друштвото | 37.215 |
| Дирекција за стандардизација, квалитет и екологија | 7.793 |
| Дирекција за одржување/Дирекција за развој и инвестиции | 7.914 |
| Дирекција за информатички технологии | 2.479 |
| **ВКУПНО ВЛОЖУВАЊА ВО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **366.138** |

## IV. ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Друштвото води резидуална политика на исплата на дивиденди. Друштвото најпрво ги планира средствата наменети за инвестирање, потоа ги оценува своите можности за финансирање, вклучувајќи ја и можноста за задолжување.

Дивидендата што ќе биде дистрибуирана ќе биде еднаква на разликата меѓу можностите за финансирање и плановите за инвестирање.

Согласно со Одлуката бр. 0201-26/2-3 за плаќање на дивиденда според Годишната сметка на Друштвото за 2022 година, донесена на XXVII-мото Собрание на акционерите одржана на 30.5.2023 година, Друштвото изврши исплата на дивиденда на 30.8.2023 година.
Дивидендата е исплатена во бруто-износ од 333.775.200 денари, односно 3.300 денари бруто-износ по акција.

Во табелата долу е прикажан дивидендниот принос во последните четири години.

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| **Дивиденден принос**[2] | 2,57% | 2,74% | 3,83% | 4,90% |

[2] Дивиденден принос = Објавена дивиденда / Последна пазарна цена на крај на периодот

# V. ПОЛИТИКА НА ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА И ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИКОТ И ДРУГИ ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

## ➢ Долгорочен долг спрема основна главнина

Структурата на изворите на средства на Друштвото се состои од главнината и од обврските, каде што се вклучени долгорочните и краткорочните обврски, како и обврските по кредити. Главнината се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, законски резерви и акумулирана добивка.

Раководството периодично ја анализира структурата на изворите на средства, со цел обезбедување на оптимална структура на истите.

Обврските по кредити и можностите за финансирање преку истите, како еден од изворите на средства, внимателно се следат и се разгледуваат, со цел обезбедување на флексибилни извори на средства кои може да се приспособат на потребите на Друштвото.

Раководството на Друштвото континуирано се фокусира на обезбедување на кредитни линии кои имаат најповолни услови, преку склучување договори за кредитни рамки со комерцијалните банки.

Во своето работење, Друштвото најчесто користи краткорочни кредити, кои се користат во оперативното работење на Друштвото, за управување со работниот капитал и за оптимизација на краткорочната ликвидност.

Наспроти нив, долгорочните кредити се користат кога средствата од истите се употребуваат за финансирање на капитални инвестиции и проекти, со што се усогласува рочната структура на средствата и изворите на средства.

Заклучно со крајот на 2023 година, Друштвото нема искористено краткорочни и долгорочни кредити и инвестицискиот циклус го финансира преку сопствени извори на средства. За повеќе детали погледнете ја табелата подолу:

**во 000 МКД**

| | **Тековен период 31.12.2023** | **Претходен период 31.12.2022** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| Вкупно обврски | 1.422.689 | 1.774.534 | -19,83% |
| Обврски по кредити | 158 | 305.087 | -99,95% |
| *Краткорочни* | 158 | *305.087* | -99,95% |
| *Долгорочни* | - | - | - |
| Главнина и Резерви | 7.786.987 | 7.334.116 | 6,17% |
| Основна главнина | 3.135.464 | 3.135.464 | 0% |
| **Долгорочен долг / Основна главнина** | **0%** | **0%** | |

## ➢ Политика на управување со ризици

Тековното работење на Друштвото е постојано изложено на ризици од најразличен вид, особено од финансиски аспект, вклучувајќи кредитни ризици, ликвидносни ризици, пазарни ризици, како и на ризикот од управување со капиталот. Друштвото придава особено внимание на непредвидливоста на пазарите при што работи на минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на работењето на Друштвото.

Управувањето со ризици го врши Управниот одбор врз основа на претходно одобрени политики и процедури.

### • Пазарен ризик

Пазарен ризик е ризик од промените во пазарните цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијание врз приходите на Друштвото или врз вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на повратот на средствата.

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики, кој се јавува поради изложеноста на различни валути, особено поради изложеност во однос на еврото и доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето-позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Друштвото е изложено на ефектите од флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и врз паричните текови. Раководството на Друштвото во најголема мерка е одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето-каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои незначителен износ на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување, кои се користат за управување со работниот капитал и се краткорочни.

Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото постави одредени пласмани на своите средства во орочени депозити и во високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### • Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финансискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува поради побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание на индивидуалните карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно дека Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека кај малопродажбата овој ризик е лимитиран. Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

- **Ликвидносен ризик**

Претпазливото управување со ликвидносниот ризик имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови.

Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни рамки одобрени од страна на комерцијалните банки.

- **Ризик при управување со капитал**

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет, со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот. Со цел да се одржи или да се прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## Индикатори за работењето

Во текот на своето оперативно работење, Друштвото постојано ја следи својата профитабилност и ликвидност преку калкулација на одредени индикатори за работењето. Во табелите подолу се презентирани најзначајните индикатори за профитабилноста и за ликвидноста на Друштвото.

**Значајни финансиски показатели на профитабилност**

| | **Тековен период 31.12.2023** | **Претходен период 31.12.2022** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| Бруто-маржа (%)[3] | 12,69% | 11,04% | 1,65% |
| Нето-маржа (%)[4] | 2,75% | 3,76% | -1,01% |
| ROA[5] | 8,37% | 14,17% | -5,80% |
| ROE[6] | 9,90% | 17,60% | -7,70% |
| ROCE[7] | 8,82% | 17,43% | -8,61% |

[3] Бруто-маржа = (Приходи од продажба - Набавна вредност) / Приходи од продажба
[4] Нето-маржа = Добивка пред оданочување / Оперативни приходи
[5] ROA = Нето-добивка по оданочување / Вкупно средства
[6] ROE = Нето-добивка по оданочување / Главнина и резерви
[7] ROCE = Оперативна добивка / (Вкупни средства - Тековни обврски)

**Значајни показатели на ликвидност и солвентност**

| | Тековен период 31.12.2023 | Претходен период 31.12.2022 | Промена |
|---|---|---|---|
| Тековни средства / Тековни обврски | 214,81% | 183,55% | 31,26% |
| Вкупни обврски / Вкупни средства | 15,45% | 19,48% | -4,03% |
| Вкупни обврски / Главнина и резерви | 18,27% | 24,20% | -5,93% |
| Главнина и резерви / Вкупни средства | 84,55% | 80,52% | 4,03% |

Врз база на презентираните индикатори може да заклучиме дека профитабилноста и ликвидноста на Друштвото се стабилни во текот на 2023 година, со незначајни надолни отстапувања поради намалената добивка во тековната година.

Финансиските показатели на профитабилност се релативно стабилни споредбено со 2022 години, а движењата на истите се резултат на намалената добивка пред оданочување за 40,93%.

Показателите на ликвидност и солвентност се стабилни, дури покажуваат и подобрување, а истите се резултат како на позитивните оперативни резултати, така и на посветеноста на Раководството на одржување на оптимална структура на извори на средства и минимизирање на трошокот за финансирање. Ангажманот на Раководството резултираше и со одлична ликвидност на Друштвото, односно започнувајќи од април Друштвото ги финансира работниот капитал и капиталните инвестиции од сопствени извори, односно не користи краткорочни и долгорочни задолжувања.

## VI. КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА

Во својата комуникација со заинтересираните лица, „Макпетрол“ АД ги одржува вредностите на транспарентност, разбирливост и достапност.

Транспарентноста е онаа која ни овозможува да им дадеме на засегнатите страни јасни и точни информации за работењето, услугите и понудите на „Макпетрол“ АД. Оваа посветеност на отворена комуникација поттикнува доверба и кредибилитет, поставувајќи основа за континуирана соработка.

Разбирливоста е подеднакво приоритетна, со фокус на презентирање на информации на јасен и концизен начин, што ги прави лесно разбирливи за секој субјект, додека достапноста на понудите и услугите е клучен аспект на маркетинг стратегијата, бидејќи Друштвото има за цел да биде лесно достапно, обезбедувајќи поддршка и информации на заинтересираните лица, а со тоа создавајќи средина на ангажирање и пристапност.

- **Клиенти**

Во обликувањето на својата стратегија насочена кон клиентите, „Макпетрол“ АД дава приоритет на одржување на зголемени стандарди за услуги и негување на трајни односи со своите клиенти. Во првите редови на овој пристап е постојаното настојување за обновување на своите капацитети, значителни инвестиции насочени кон подобрување на искуството на клиентите кои во 2023 година резултираа со обновување на три клучни бензински станици во Тетово, Свети Николе и Кавадарци.

Овие инвестиции ја надминуваат естетиката и ја отсликуваат посветеноста на Друштвото на модернизирање на капацитетите и подобрување на удобностите за да се создаде поудобна и поефикасна средина за клиентите.

Обновените бензински станици на „Макпетрол“ АД имаат современ и функционален изглед и ги исполнуваат највисоките технички и безбедносни стандарди, а на истите достапни се сите квалитетни ULTRA горива, базирани на технологијата Dual Action Technology, вклучувајќи ги и течниот нафтен гас за возила (ТНГ) и течноста Адблу (Ad Blue).

Во постојаното настојување да ги задоволи потребите на своите потрошувачи и да им овозможи квалитетно, сигурно и економично снабдување со нафтени деривати, гас, биогорива и останати стоки, во поголемиот дел од бензинските станици на потрошувачите им се достапни квалитетни производи и услуги во текот на 24 часа, секој ден од неделата. Исто така, воспоставени се и контакт броеви и електронска пошта за рекламации на услугите и на стоките.

Секојдневно се вршат соопштенија во медиумите и објави на социјалните мрежи со цел сè поголем број на граѓани да бидат запознаени со исклучителниот квалитет на горива кои се продаваат на бензинските станици, како и навремено да бидат известени за промената на цената на гасот и на горивата.

Овој напор не само што служи за диференцирање на „Макпетрол“ АД на пазарот, туку делува и како доказ за непоколебливата посветеност на Друштвото за испорака на горива кои не само што се сигурни, туку се и со високи перформанси. Со ефективно пренесување на уникатните атрибути на своите производи, Друштвото се обидува да ја зајакне и довербата што клиентите и ја даваат.

„Макпетрол“ АД ќе продолжи да инвестира во своите капацитети, модернизирајќи ги со најнови технологии, а ќе продолжи и со развој на нови технологии за подобрување на квалитетот на горивата и со постојано проширување на малопродажниот дополнителен асортиман на производи кој се нуди на бензинските станици. Овие инвестиции се доказ за посветеноста и за фокусот на Друштвото на задоволување на потребите на потрошувачите, сè со цел да се обезбеди уште поголемо задоволство на нашите клиенти.

Како благодарност на своите лојални клиенти, Друштвото им обезбеди дополнителни погодности и предности преку програмата за лојалност „Верна“, која е внимателно направена за да ја награди и признае долгогодишната клиентска лојалност. Позитивниот ефект на „Верна“ програмата за лојалност, дополнително ја нагласува ефективноста на стратегијата за задржување клиенти, а воедно овозможува и активно промовирање на нашите производи, како и зголемување на членството. За наградната игра „ВЕРНА - Една и единствена“, за која има особен интерес заради вредните награди кои се доделуваат за 2024 година, беа одобрени средства за награден фонд во износ од 4.188.739 денари без пресметан ДДВ.

- **Добавувачи**

Управувањето со односите со добавувачите е од стратешко значење за Друштвото. Сегментацијата и диференцираниот пристап кон добавувачите во однос на нивниот придонес е важно за создавање дополнителна вредност за „Макпетрол“ АД што придонесува за деловниот успех. Создавањето партнерски односи со клучните добавувачи е една од главните цели на синџирот на снабдување бидејќи со партнерскиот однос се обезбедува сигурност во снабдувањето, подобро искористување на ресурсите и намалување на деловните трошоци, што на крајот води кон зголемена конкурентност на Друштвото.

Како и секогаш, изборот на компетентен добавувач кој ќе гарантира и ќе обезбеди непречено снабдување со квалитетни производи кои ги исполнуваат македонските и европските регулативи и стандарди е секогаш наша примарна цел.

Преку секојдневната комуникација со деловните партнери, која се одвива редовно во зависност од барањата и во однос на презентацијата на комерцијалните услови и склучувањето и реализацијата на договорите, заеднички ги приспособивме производите и услугите, на начин со кој го олеснуваме водењето на нивните бизниси.

- **Вработени**

Вработените се најголемата сила и движечка енергија на „Макпетрол“ АД.

Благодарение на посветената работа на нашите вработени, деловните активности не беа запрени од предизвиците со кои се соочивме во 2023 година, во непредвидливо деловно опкружување и економска криза.

Така, 2023 година беше одбележана со значајни деловни резултати благодарение на вработените кои се истакнаа со својот труд и посветеност, демонстрирајќи исклучителна работна етика и силна тимска работа во клучните проекти, додека се справуваа со бројните секојдневни предизвици, со што го направија нашето Друштво уште поуспешно.

Нивната лојалност е основата на Друштвото на која се гради нашиот бизнис и која во голема мера влијае врз нашето деловно однесување, организациската структура, менаџментот и сите поврзани процеси, поради што на своите вработени им обезбедуваме гарантирани поволности кои произлегуваат од Законот и од Колективниот договор.

Во текот на 2023 година, Друштвото на вработените на име Новогодишен надоместок им исплати бруто-износ од 33.333 денари по вработен, за што беа вложени 66,1 милиони денари, регрес за годишен одмор во бруто износ од 40.000 денари по вработен, за што вложи 79,52 милиони денари и дел од добивката по годишната сметка за 2022 година наменет за вработените во износ од 110 милиони денари.

Исто така, по повод Новогодишните празници, „Макпетрол“ АД додели подароци на 781 дете на вработените, во вкупен износ од 899 илјади денари. Дополнително се организираше и новогодишна претстава за децата на вработените за што се потрошени 183 илјади денари.

Во согласност со барањата на вработените, Друштвото, во континуитет кој продолжува и во 2023 година, одобри помош преку донација на парични средства за покривање на трошоците за лекување и набавка на лекови на нашите вработени, во износ од 3,79 милиони денари.

Имајќи ги предвид добро воспоставените односи со вработените, редовно спроведуваме истражувања меѓу нив и имаме „директни комуникациски линии“, особено за прашања поврзани со здравјето и безбедноста, заштитата на животната средина, човековите права и еднаквите можности.

Вработени лица од Друштвото, преку чести посети на бензинските станици ширум државата, се во редовна комуникација со вработените на бензинските станици и раководителите на работните единици (складовите), кои се извршуваат во насока на подобрување на работните услови, зголемување на задоволството на вработените, зголемување на продуктивноста, а сето тоа придонесува за зголемување на задоволството и на нашите клиенти, како и за подобрување на квалитетот на услугата на бензинските станици.

Во врска со здравствената заштита на вработените, во 2023 година Друштвото изврши здравствени прегледи на околу 1.665 вработени во рок определен согласно извршената проценка на ризик и изјава за безбедност на работните места. Обуките за безбедност и здравје при работа континуирано се спроведуваат за вработените со цел безбедно извршување на работните задачи. Во текот на 2023 година беше спроведена и обука за прва помош за вкупно 419 вработени на бензинските станиците, во Дирекцијата за одржување и вработени во Управна зграда.

Со цел поголема заштита на здравјето и безбедноста на вработените континуирано се набавува опрема за лична заштита која ги заштитува вработените од ризиците поврзани со здравјето и безбедноста на работното место. Исто така, во текот на годината беше извршен технички преглед на опремата за работа (виљушкар, електроенергетски постројки, систем за громобранска заштита за заземјување) во складовите на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје.

Свесни дека посветените, високо професионални и мотивирани вработени се изворот на нашиот континуиран развој, Друштвото се грижи за нив и за создавање услови за нивна благосостојба и успешен личен и професионален развој. Развојот на човечките ресурси е интегрирана употреба на обука и развој, организациски развој и развој на кариера за подобрување на индивидуалната, групната и организациската ефективност. Тука спаѓаат програмите кои се одвиваат во рамките на Друштвото, како што се обуки, курсеви и ротирање на работните места, професионални програми и друго. Целта на вложувањето во развојот на вработените е да се стекнат со нови знаења, вештини и способности потребни за успешно извршување на нови и посложени работни задачи.

Во 2023 година беа спроведени обуки за:

- континуирано професионално усовршување на сметководители и овластени сметководители, како и анализа на финансиски извештаи;
- обуки од областа на информатичките технологии;
- обука на возачи за стекнување со АДР – сертификат;
- обуки за запознавање со стандардот ISO 50001:2018, за воспоставување системи и процедури за енергетска ефикасност;
- обуки за континуирано професионално усовршување, како и за следење на законските промени во областа на правото и законските измени.

Во текот на 2023 година, вработените во Авиосервис Скопје и Авиосервис Охрид успешно ја завршија обуката за опслужувачи на воздухоплови со горива и мазива. Вработени во Дирекцијата за одржување присуствуваа на обука за запознавање на компонентите – дизајн, функционалност, поврзување и параметрирање на уредите за цистерни Multiflow. За вработени во Единиците за заштита од пожари и приватно

обезбедување беа спроведени обуки за оспособување за правилно носење и безбедно ракување со огнено оружје, како и специјализирана обука за приватно обезбедување. Вработените во Дирекцијата за дополнителен асортиман присуствуваа на ФЦМГ самит - најголем трговски настан од областа на трговијата, дистрибуцијата и логистиката, како и обука за управување со набавки и залихи на дополнителен асортиман.

Во 2023 година Друштвото вложи износ од 3,44 милиони денари во едукација на вработените, за обуки кои ги извршија надворешни лица.

Како Друштво кое повеќе од седум децении оправдано се наоѓа на пиедесталот меѓу најдобро рангираните компании и најпосакуваните работодавачи во државата, а чиј императив секогаш било работењето според највисоки светски стандарди, истовремено водејќи постојана грижа за среќата, задоволството и здравјето на своите вработени, почнувајќи од јуни 2023 година, сите вработени со непрекинат работен стаж од дванаесет месеци во „Макпетрол“ АД Скопје, се осигурени со доброволно приватно здравствено осигурување во МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп. Во оваа насока, на сите вработени кои се осигурени во доброволното приватно здравствено осигурување, им се даде можност, на своја сметка, дополнително да ги осигурат и членовите на своето семејство.

Социјалното влијание на активностите на Друштвото континуирано се унапредува преку соработката со Синдикатот при „Макпетрол“ АД. Друштвото остварува координативни средби со претставниците на Синдикатот, со цел да се дадат одговори на конкретни прашања на претставниците на вработените, во врска со работењето и деловното опкружување. Во синдикатот членуваат 71% од вкупниот број вработени, кој изнесува 1.967.

„Макпетрол“ АД има усвоено Етички кодекс кој ги дефинира основните вредности и принципи на однесување на менаџментот и на вработените во однос на нивниот однос кон работата, соработниците, деловните партнери и јавноста. Кодексот опфаќа широка област на деловни односи и процеси, и ги опфаќа сите лица кои дејствуваат во име на „Макпетрол“ АД, вклучително и физички и правни лица кои се во договорен однос (деловни партнери, консултанти, добавувачи, продавачи итн.), а кои мора да се придржуваат до него.

Кодексот им овозможува на сите внатрешни и надворешни заинтересирани страни да ги видат етичките правила кои „Макпетрол“ АД ги смета за клучни за своето успешно деловно работење.

Нашето Друштво применува високи етички стандарди во работната средина и во деловните односи со нашите деловни партнери. Заштитата на човековите права на нашите работници и партнери, заштитата од дискриминација и заштитата на достоинството се темелите на нашата организација.

„Макпетрол“ АД ги почитува правилата за заштита на пазарната конкуренција и ги почитува своите конкуренти и не презема никакви дејствија што се против правилата за заштита на пазарната конкуренција што може да резултира со штетно влијание врз пазарот, потрошувачите или врз нашите конкуренти. „Макпетрол“ АД ги почитува сите свои клиенти и обезбедува усогласеност со правилата за заштита на потрошувачите во нашите деловни активности кон потрошувачите, а еден од најважните приоритети е спречување на перење пари и финансирање тероризам, што придонесува за глобалната безбедност, интегритетот на финансискиот систем и за одрживиот развој.

Заштитата на приватноста, доверливоста и личните податоци на нашите вработени, клиенти и деловни партнери е една од клучните вредности, за што преземаме безбедносни и други мерки со цел доследно да се применуваат правилата за заштита на личните податоци и на овој начин да изградиме доверба кон работниците и деловните партнери.

- **Локална заедница**

Транспарентноста, довербата и партнерствата со локалните заедници се клучни за да се обезбеди нашиот статус на одговорен партнер кој е добредојден секаде каде што е присутен. Нашата цел е позитивно да го насочиме влијанието на нашите деловни активности преку одржување на односите со заедницата и инвестирање во локалниот развој. Иницијативите за развој на заедницата секогаш се приспособуваат на локалните потреби и се развиваат во консултација со локалните засегнати страни, а се во согласност со клучните цели и програми за одржлив развој на Друштвото. „Макпетрол“ АД е активен член на заедницата во која делува и унапредувањето на општествената одговорност е еден од најважните принципи, вткаен во секој сегмент од деловното работење.

Во текот на 2023 година, „Макпетрол“ АД реализираше голем број општествено одговорни иницијативи и проекти, од кои многу се само продолжение на долгогодишната практика, а како највлијателна може да ја издвоиме општествено одговорната кампања „Крени глас против врсничкото насилство“. Оваа иницијатива е дизајнирана не за промоција на Друштвото, туку како општествено свесен напор за решавање на итен општествен проблем, а истата доби убедливо позитивни коментари од пошироката јавност. Успехот на оваа кампања ја нагласува посветеноста на „Макпетрол“ АД да има позитивно влијание надвор од нејзините основни деловни активности и да резонира со пошироката заедница на која и служи.

Одговорноста кон општеството, што сите заедно го делиме, се демонстрира и со постапки и активности кои што лоцираат одреден проблем што повеќето граѓани ги засега и можеби најбитно – нудат решение!

Ако сите веруваме дека децата и младите се нашата иднина, тогаш бездруго, како тие растат и се развиваат, веројатно ќе биде пресудно и како самите во иднина ќе се однесуваат. На овој план, врсничкото насилство е алармантен проблем за којшто ние во „Макпетрол“ сметаме дека премногу долго се игнорира. Повеќето од нас или молчат, или вртат поглед или не слушаат. За штетата од ваквото однесување дознаваме кога е премногу доцна.

Со цел ова да го промениме, за сите заедно – и родителите, и професорите, и децата – да научиме да реагираме навреме, одлучивме да ја отпочнеме оваа кампања. Свесни сме дека ова е премногу голем проблем за којшто не постои брзо решение, но убедени сме дека со овој наш чекор ќе започне соочувањето со врсничкото насилство на поинаков начин.

За целите на оваа кампања, беа опфатени различни концепти на информирање на јавноста и тоа преку телевизиски и пишани интервјуа, како и преку чести објави на социјалните мрежи и преку реализација на соопштенија во јавноста за почеток на кампањата.

Десет општини во Македонија досега директно се вклучија во кампањата „Крени глас против врсничкото насилство“ преку работилници за учениците и за стручните служби овозможени од „Макпетрол“ АД. За поефикасна реализација на активностите, досега беа потпишани меморандуми за соработка со општините Центар, Аеродром, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Гевгелија, Демир Капија, Куманово и Штип.

Во текот на 2023 година овој глас допре до илјадници ученици во 40 основни училишта, во кои се реализираа работилници, предводени од психолог и стручните служби на училиштата. Децата учеа за врсничкото насилство како да препознаат дали биле сторители, жртви или набљудувачи и гласно да зборуваат за тоа.

Освен организирање работилници со психолог, „Макпетрол“ АД за училиштата испечати материјал со кој што учениците, стручните служби, како и родителите, подетално го запознаваат проблемот со булингот.

До крајот на 2023 година се одржаа работилници во пет, а во останатите општини најмладите ќе имаат можност да се здобијат со знаења во континуитет, бидејќи кампањата продолжува и во 2024 година.

„Макпетрол“ АД и во 2023 година продолжи активно да се вклучува во општествено одговорни иницијативи, разбирајќи го длабокото влијание на таквите напори врз јавноста. За таа цел остварува соработка со разни хуманитарни здруженија, спортски клубови, деца и младинци, потоа реализира културно-уметнички проекти, како и проекти чија цел е зачувување на животната средина и оние кои промовираат извонредност во различни сегменти од општеството и кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот во заедницата во која делуваат. Спонзорствата и донациите, доделени во 2023 година, ја означуваат посветеноста на Друштвото да биде активен учесник во заедницата.

Како и претходната, така и во 2023 година, придонесовме да се зголемат високите уметнички критериуми и да се продолжи богатата фестивалска традиција, која е од особено значење за Охрид и Република Северна Македонија да бидат во центарот на светските уметнички достигнувања, а сето тоа преку спонзорирањето на 63-тото издание на фестивалот “Охридско Лето 2023”.

Од особено значење за „Макпетрол“ АД како општествено одговорна компанија, е донацијата за СОС Детско село, каде Друштвото во 2023 година стана „кум“ на една куќа во селото. Паричните средства кои ги додели „Макпетрол“ АД беа наменети за трошоци и одржување на куќата во која се сместени мајка со 5 деца до 14 годишна возраст, со што помагаме, заедно да ги менуваме детските животи и создаваме можности за децата и младите кои во животот немале прилика да се радуваат на среќно детство и мечтаат за успешна иднина, подготвени за предизвиците кои со себе ги носи животот.

Исто така, несебично продолжија активностите и донациите за маргинализираните групи граѓани преку донација на Верна-картички за гориво.

Како и секоја година, така и во 2023 година, „Макпетрол“ АД финансиски го помогна музичко–хуманитарниот настан манифестацијата „Златна бубамара на популарноста”.

„Макпетрол“ АД континуирано финансиски ги помага Друштвото на крводарители „Макпетрол“, Кугларскиот клуб „Макпетрол“ и Карате клубот „Макпетрол“ кој на свеченоста „Најуспешни во карате спортот за 2023 година“ со 11 признанија е прогласен за најдобар клуб во 2023 година. Заради врвните резултати кои ги постигнуваат спортските клубови на „Макпетрол“ АД, како во земјата, така и на меѓународно ниво, истите се вистински промотори на врвниот спорт во државата.

„Макпетрол“ АД ги спонзорираше и едни од најуспешните македонски натпреварувачи на сите времиња, автомобилистот Игор Стефановски Ице, како и Дарио Ивановски, атлетичар кој во 2024 година, ќе ја претставува Република Северна Македонија на Летните Олимписки игри во Франција.

Во текот на 2023 година, „Макпетрол“ АД, преку спонзорства и донации, обезбеди средства за реализација на разни активности, во вкупен износ од 14,39 милиони денари.

Активното учество на Друштвото во овие спонзорства покажува вистински интерес за благосостојбата на пошироката заедница. Ова позитивно одекнува во јавноста, создавајќи силна поврзаност помеѓу „Макпетрол“ АД и заедничките културни, спортски и социјални аспирации на младата популација.

На овој начин, спонзорствата служат како опиплив израз на посветеноста на „Макпетрол“ АД да има позитивно влијание надвор од нејзините основни деловни активности, зголемувајќи ја нејзината репутација како општествено одговорен корпоративен ентитет ориентиран кон заедницата, со што „Макпетрол“ АД станува повеќе од обичен снабдувач на енергенси, тој станува покровител на иницијативи насочени кон заедницата, подобрувајќи го квалитетот на животот во заедницата каде што делува.

## VII. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

„Макпетрол“ АД континуирано ги интегрира еколошките, социјалните и економските фактори во своето секојдневно работење и е вклучен во сите области од животната средина, следејќи ја и имплементирајќи ја законската регулатива како и меѓународните стандарди, со цел да ги спречи и избегне потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и заедницата во која работи.

Во рамки на своите општествено одговорни активности, Друштвото редовно презема чекори кои што придонесуваат за справувањето со еколошките предизвици на денешницата.

Меѓународните стандарди, имплементирани во Интегриран менаџмент систем (ИМС) во Друштвото обезбедуваат континуитет во деловното работење и придонесуваат за реализација на еколошките цели и на целите за одржлив развој.

Имплементацијата и следењето на сите промени во Европските стандарди, како и измените во Регулативата на Р. С. Македонија, се гаранција за пласман на квалитетни производи на домашниот пазар.

Интегрираниот менаџмент систем (ИМС) се одржува и ревидира на годишна основа заради негово усогласување. Во Политиката за ИМС, која ја опфаќа и Политиката за управување и заштита на животната средина, дефинирана е заложбата на Друштвото за заштитата на животната средина, додека во Политиката за управување со енергија е дефинирана заложбата на друштвото за користење на енергијата на ефикасен, економичен и еколошки одговорен начин.

Согласно законската регулатива на РСМ, сите бензински станици и складови на Друштвото поседуваат Елаборат за заштита на животната средина (EIA), со издадени согласности од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Овие елаборати јасно покажуваат дека објектите на Друштвото се со современи технички и функционални содржини, како и со предвидени мерки за заштита на животната средина.

Согласно Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини (усогласување со VOC Directive), Друштвото има потврда дека ги исполнува техничките барања, а воедно има и Потврда за упис во Регистарот на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење на мобилните контејнери и на бензинските станици од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Со исполнување на барањата од VOC директивата, воведувањето на најдобрите практики, т.е. техничките решенија, емисиите во воздухот на бензинските станици се со значително намалена емисија на штетни гасови во воздухот.

Складовите за запаливи течности на Друштвото, согласно законската регулатива на РСМ, се усогласени со одредбите за Спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни ситуации (Seveso Directive), а со цел да се преземат мерки за заштита на луѓето и животната средина се испланирани предвидени постапки, во случај на најлошо можно сценарио.

Друштвото согласно Законот за животна средина, Законот за квалитет на амбиентниот воздух, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законите од областа на Заштитата и спасувањето, Заштитата од пожари, Законите за Управување со отпадот, во 2023 година ги спроведе програмите за Управување со аспектите на животната средина и тоа:

- За аспектот Управување со отпад, како еден од суштинските проблеми и загадувач на животната средина кој е во фокусот на нашиот интерес, во текот на 2023 година континуирано се спроведуваше управувањето со сите видови на отпад кои ги генерира Друштвото:

    - Правилно ракување со соодветно селектирање на отпадот и негово предавање на овластени компании за натамошно постапување;
    - Управување со дополнителните текови на отпад преку Колективните постапувачи за управување со отпад;
    - Чистење и отстранување на отпад од сепараторите на бензинските станици, како и чистење на резервоарите, евиденција на количините на создаден/предаден опасен отпад, предавање на овластени компании за натамошно третирање и постапување со опасниот отпад;
    - Изработка на месечни извештаи и годишен консолидиран извештај за отпад;
    - Изработка на годишен извештај за евиденција на создадени и предадени отпадни масла.

Со сите активности за управување со отпадот, Друштвото прави уште еден чекор кон заштитата на животната средина, а воедно му даваме и нова корисна вредност на самиот отпад.

- За аспектите: Емисии во воздух, бучава, отпадна и подземна вода и почва, спроведени се следните активности:

    - Мониторинг на квалитет на воздух (брзина, проток, NOx, CO, CO2, O2, SO2, чаден број, прашина) од испустите на котларниците кои ги има Друштвото;
    - Мониторинг на бучава (Ld/aeq(dB), Lamax (dB)) во деловната зграда на Друштвото;
    - Контрола на квалитет на отпадна и подземна вода (Ph, суспендирани материи, спроводливост, амониумски азот, нитрати, нитрити, хлориди, ХПК(КМпО4), БПК5, вкупно масти и масла) во Склад Илинден, ТНГ Миладиновци и Одделението за преглед и сервисирање на плински боци и ППА;
    - Поставени се станици за биолошко пречистување на отпадни води на бензинските станици БС 060 Белимбегово и БС 010 Тетово со што правиме уште еден чекор кон заштитата на природата и средината во која работиме и живееме;
    - Поставени се системи за наводнување на тревните површини на бензинските станици, со цел економично користење и намалување на потрошувачката на вода;
    - Снимање, анализа и следење на квалитетот на почвата во Авиосервисот во Петровец (pH, вкупен азот, фосфор, масти и масла).

- За аспектот Ризик од пожар и експлозија, спроведени се следните активности:

    - На 128 новопримени вработени им се одржаа обуки за заштита од пожари (дејства сврзани со складирањето запаливи течности и гасови, постапки во врска со товарење или истовар други постапки во врска со

товарењето или истоварот (наточување, претовар, преточување, источување, чување) на опасни материи;

- Тактичко показна вежба за гаснење пожари и ракување со апаратите за гаснење пожари и проверка на знаењето од областа на складирањето и дејствата сврзани со складирањето запаливи течности и гасови и проверка на знаењето од областа на товарење или истовар или други постапки во врска со товарењето или истоварот на 1077 вработени на бензинските станици и во Складовите за запаливи течности и гасови на „Макпетрол“ АД – Скопје;
- Тактичко показна вежба за евакуација на вработените и посетителите, извршени според конкретните опасности што може да настанат во случаеви на инциденти во Складовите за запаливи течности и гасови на 111 вработени во складовите;
- Тактичко показна вежба за евакуација и спасување на вработените и посетителите во случај на пожар во Управната зграда на „Макпетрол“ АД – Скопје. На вежбата учествуваа 35 припадници на екипите за евакуација и спасување, 3 пожарникари – обезбедувачи и 239 вработени кои во моментот беа на работните места во улога на евакуирани лица.

➢ Согласно барањата на законската регулатива:

- Изработен е Катастар на загадувачи на животната средина за бензинските станици на подрачјето на Друштвото во Општина Гази Баба и за Хотелот „Макпетрол“ Струга. Катастарот на загадувачи на животната средина, по барање, е доставен до овластена компанија назначена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Изработени се Дневници на емисии во амбиентниот воздух од сите стационарни извори на „Макпетрол“ АД, и се доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање.

За реализација на преземените активности за заштита на животната средина во 2023 година, кои се одвиваа преку селекција и управување со комерцијалниот и опасниот отпад, дополнителните текови на отпад, мерењата на емисиите во воздух, вода, почва, преку проектот за хортикултурно уредување на детски парк, како и за едукација на вработените, потрошени се вкупно 3.208.238 денари.

Горивата кои ги продаваме Авто ТНГ, метан и дизел горивото ULTRA Diesel Bio Power се предводници во поглед на заштитата на животната средина, затоа што нудат дополнителни еколошки и експлоатациски предности, видливи преку значително намалена емисија на штетни гасови и честички во воздухот.

Поставувањето на нови цели, како и подобрување на квалитетот, воведување на еколошки горива и адитиви кои директно влијаат врз еколошки здравата средина, се проследени со постојана едукација и обуки, со цел квалитетот на набавените деривати да биде на највисоко ниво.

Сите производи кои се пласираат на нашиот пазар се пакувани во амбалажа која е во согласност со сите стандарди, и истата е сертифицирана и одобрена од регулаторните тела во Државата, а отпадот кој настанува при пакување, како и оштетената амбалажа, се третира согласно Законот за заштита на животната средина.

Биодизел Б100, односно чистиот биодизел, кој учествува во составот на ULTRA Diesel Bio Power горивото, „Макпетрол“ АД го произведува во сопствена фабрика, преку стандардна технологија, односно добивање биодизел - метил естри на масни киселини (FAME) преку процес на трансестерификација на маслото добиено со цедење на семето од маслодајната репка. Произведениот биодизел го исполнува техничкиот европски стандард МКС ЕН 14214 што овозможува негово мешање со фосилното дизел гориво, според стандардот МКС ЕН 590.

„Макпетрол“ АД како општествено одговорна компанија и компанија која се грижи за задоволување на потребите на своите потрошувачи, секогаш е во чекор со најновиот техничко-технолошки напредок. Тоа се гледа во примената на најновите адитиви за подобрување на карактеристиките на горивата како од експлоатационен така и од заштитен карактер на самото возило, како и за животната средина преку намалување на емисиите на штетни производи од согорување (и до повеќе од 10%) и негативното влијание од користењето гориво.

„Макпетрол“ АД Скопје, како продавач на авио гориво, работи во согласност со меѓународните стандарди како “IATA’ и “JIG 1&2” стандардите и со тоа во целост го гарантира квалитетот на авио горивото и услугите кои ги нуди. Сите процеси се целосно и континуирано контролирани од страна на официјални инспектори од носечките меѓународни инспекциски тела и трговските здруженија како “IATA International Fuel quality pool” и други.

Друштвото е влијателен учесник на енергетскиот пазар во Република Северна Македонија и регионот и сметаме дека зголемувањето на енергетската ефикасност е најважниот механизам за намалување на потрошувачката на енергија и еден од основните принципи на енергетската транзиција. Нашата основна заложба во управувањето со енергијата е да постигнеме подобрени енергетски перформанси и мерливи резултати поврзани со енергетската ефикасност, како и со користењето и потрошувачката на енергија. Континуирано го развиваме, одржуваме и го усогласуваме имплементираниот систем за управување со енергија со важечките законски и други барања поврзани со енергетскиот систем.

Управувањето со енергијата игра клучна улога во бизнисот и управувањето со нашите процеси, а со реновирање на бензинските станици и со вградување на современи уреди за греење и ладење во објектите, се зголемува нивната енергетската ефикасност, а значително се зголемува заштедата на електрична енергија.

Поради природата на својата дејност и бројот на локации, „Макпетрол“ АД е голем потрошувач на енергија, а истата зазема значителен дел од оперативните трошоци. Вкупната просечна потрошувачка на енергија на „Макпетрол“ АД изнесува околу 12.000.000 kWh, поради што сме фокусирани на одговорно користење на енергијата и посветени сме на постојано следење и подобрување на енергетските и на еколошките перформанси на сите објекти. Управувањето со енергијата се спроведува со континуиран мониторинг на потрошувачите на енергија во секоја организациона единица, придружен со конкретни инвестициски проекти насочени кон намалување на потрошувачката на енергија.

Применувајќи ја Директивата за енергетска ефикасност на Европската Унија, Друштвото е насочено и кон користење на алтернативни извори на енергија и досега има инвестирано во четири фото-напонски централи со вкупен капацитет од 381,69 kW. Фотонапонските централи, со вкупното предвидено производство од 515.281,5 kWh, ќе учествуваат со околу 4% во вкупната потрошувачка на Друштвото. Во текот на 2023 година, производството од обновливи извори на енергија од 159.989,76 kWh изнесувало 1,34% од вкупната потрошувачка на енергија на „Макпетрол“ АД Скопје. Во 2023 година, пуштена е во функција

фотонапонската централа со моќност од 63,14 kW, поставена на БС 168 Вевчани, а воедно истата година изведени се една фотонапонска централа со моќност од 150,15 kW, која е поставена на Управната зграда на Макпетрол АД Скопје и една фотонапонска централа со моќност од 89,1 kW поставена на БС 008 Визбегово, кои ќе бидат пуштени во текот на 2024 година. Во понатамошните програмски активности, планирано е на уште дванаесет наши објекти кои се поголеми потрошувачи на електрична енергија, како и на земјиштата кои се во сопственост на Друштвото, сукцесивно да се поставаат фотонапонски централи за производство на електрична енергија. Оваа енергија е наменета за сопствена потрошувачка, а вишокот од производството ќе се понуди на трети лица на пазарот. На овој начин ќе се постигнат финансиски заштеди, како и намалување на $CO^2$.

Покрај поставениот прв брз полнач за електрични возила на БС046 Гевгелија кој може истовремено да опслужува две возила, во тек е поставување на уште еден брз полнач за електрични возила на БС 013 Куманово, БС 008 Визбегово, БС 083 Кавадарци и БС 010 Тетово. Во иднина, планирано е на бензинските станици на „Макпетрол“ АД да се поставаат уште неколку брзи полначи на главните патни правци низ државата. Овие проекти ја отвораат вратата за развој на нашето Друштво и даваат потенцијал за развој на други обновливи извори на енергија, што на нашите објекти ќе им даде дополнителна вредност.

Со цел да се интегрираат економските, еколошките и социјалните фактори на балансиран начин, Друштвото во 2023 година продолжи кон континуирана имплементација на нови активности за постигнување на клучните цели и програми за одржлив развој.

Одговорноста кон општеството и поддршката за заедницата се стратешки цели на Друштвото, а тоа значи и препознавање и вклучување во иницијативи коишто веруваме дека ќе го подобрат животот на граѓаните.

За таа цел, за изведба на градежни работи за асфалтирање на ров од фекална канализација во населбата „Градинар“ во Кисела Вода, „Макпетрол“ АД донираше финансиски средства во износ од 1.000.000 денари.

Во 2023 година, Друштвото учествуваше во проектот „Зелена Општина Илинден“ преку хортикултурно уредување на детски парк во Општина Илинден во населбата „Јака“. Хортикултурното уредување на новиот детски парк во Општина Илинден е дел од континуираните активности со кои што Друштвото помага во справувањето со актуелните еколошки проблеми во земјата. Оваа донација, освен што на најмладите им обезбеди зелено катче, ќе придонесе да се намали загадувањето на воздухот и ќе ги подобри условите за урбано живеење, со што се овозможува подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, а крајниот бенефит ќе го имаат децата и нивните родители.

„Макпетрол“ АД со своите активности се етаблира како Друштво со високи критериуми во однос на зачувувањето и унапредувањето на животната средина, а континуирано ја потврдува високата општествена одговорност и лидерството, преку проекти кои се грижат за сегашните и идните генерации.

## VIII. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

### А. Назив и седиште на правното лице како заинтересирана страна

„ОИЛКО“ КДА - Скопје, ул. „10“ бр. 152 с. Миладиновци, Општина Илинден;

### Б. Начин и постапка во која била одобрена зделката

По исполнување на условите од членот 457 и 460 од Законот за трговските друштва, зделката е одобрена со Одлука бр. 0201-26/6 за одобрување на зделка со заинтересирана страна, донесена на XXVII-мата Седница на Собранието на акционерите на „Макпетрол“ АД Скопје одржана на 30.5.2023 година. Пред донесување на Одлуката, а во целост постапувајќи согласно член 460-а од Законот за трговските друштва, до Собранието беше изготвен и доставен Извештај за ангажман за уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна на ОИЛКО КДА Скопје, изготвен од страна на овластен ревизор, Друштвото БЕНД ревизија и консалтинг ДОО Тетово, заведен под бр. 0302 - 1627/2 од 06.04.2023 година.

**I МАКПЕТРОЛ АД – Скопје како продавач на стоки и давател на услуги ОИЛКО КДА – Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**

во денари без ДДВ

| П Р Е Д М Е Т | Одобрено со Одлука на Собрание | Остварено во 2023 година |
|---|---|---|
| Гориво за возила, резервни делови и потрошен материјал, услуги преку Верна картички и останати стоки и услуги | 213.000.000 | 142.639.187 |
| **ВКУПНО:** | **213.000.000** | **142.639.187** |

**II МАКПЕТРОЛ АД Скопје е како купувач на стоки и корисник на услуги ОИЛКО КДА – Скопје како продавач на стоки и давател на услуги**

во денари без ДДВ

| П Р Е Д М Е Т | Одобрено со Одлука на Собрание | Остварено во 2023 година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги, закуп на транспортни средства и останати стоки и услуги | 603.000.000 | 571.368.580 |
| **ВКУПНО:** | **603.000.000** | **571.368.580** |

## IX. ИЗГЛЕДИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ И НЕГОВИОТ ДЕЛОВЕН ПОТФАТ И АКТИВНОСТИТЕ ВО СФЕРАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ

Во 2024 година, „Макпетрол“ АД Скопје планира повеќе деловни потфати и активности во сферата на сопствениот развој:

- Проширување на мрежата на малопродажни објекти за автоплин и за метан;
- Реконструкција на дел од постојните бензински станици, согласно со Планот за работа во 2024 година;
- Инвестирање во складишен простор за деривати;
- Инсталирање на полначи за електрични возила на 6 до 8 бензински станици;
- Инсталирање на соларни панели за производство на електрична енергија на повеќе објекти во сопственост на Друштвото и
- Почеток со работа на една нова бензинска станица.

## X. ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО СТЕКНУВАЊЕ СОПСТВЕНИ АКЦИИ

Во текот на 2023 и 2022 година Друштвото не се стекнало со дополнителни сопствени акции.

Во периодот од 25.8.2017 година до 02.10.2020 година, Друштвото се стекна со вкупно 11.238 сопствени акции по просечна цена од 45.205 денари и истите учествуваат со 10% во основната главнина на Друштвото.

## XI. ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ ОСТВАРЕНИ ВО 2023 ГОДИНА

Согласно одредбите од член 384 став 7 од ЗТД, „Макпетрол“ АД Скопје објавува дека:

- Во текот на 2023 година, членовите на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје оствариле нето-примања по основ на плата и надоместоци на плата, по основ на други права, дел од учество во добивка, како и по основ на награди во вкупен износ од 63.532.090 денари и
- Во текот на 2023 година, членовите на Надзорниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје, по основ на награда, оствариле нето-примања во вкупен износ од 2.352.000 денари.

Членови на Управниот одбор:

1. Андреја Јосифовски ______________________
2. Марија Јосифовска Спасовска ______________________
3. Михајло Борозанов ______________________
4. Сашко Павловски ______________________
5. Сашо Бошковски ______________________

Врз основа на член 384-а, став 1 и став 2 од Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД - Скопје, ја даваат следната:

**ИЗЈАВА**

**за примена на Кодексот за корпоративно управување**

Ние, долупотпишаните членови на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД - Скопје, изјавуваме дека друштвото „Макпетрол“ АД Скопје, во своето работење во 2023 година го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на „Македонска берза“ АД Скопје, објавен на веб-страницата на Берзата www.mse.mk.

„Макпетрол“ АД - Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не си применил“, преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени во материјалот за XXVIII годишно Собрание на акционери на „Макпетрол“ АД - Скопје и ќе бидат објавени на СЕИ-НЕТ и на веб-страницата на „Макпетрол“ АД – Скопје, во рокот пропишан со членот 40 став 1 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност, најдоцна до 31.5.2024 година, како и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на „Макпетрол“ АД – Скопје, пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 27.2.2024

**Изјавиле:**
**Членови на Управен одбор**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ

1. Андреја Јосифовски ______________
2. Марија Јосифовска Спасовска ______________
3. Михајло Борозанов ______________
4. Сашко Павловски ______________
5. Сашо Бошковски ______________

МАКПЕТРОЛ

www.makpetrol.com.mk

# 2023

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УПРАВЕН ОДБОР

Макпетрол АД – Скопје (Управна зграда)
Св. Кирил и Методиј 4, 1000 Скопје
+389 2 311 2144
contact@makpetrol.com.mk